|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| македонски јазик | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| англиски јазик | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| француски јазик | | | | | | + | + | + | + |
| математика | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| историја | | | | | | + | + | | + |
| географија | | | | | | + | + | | + |
| биологија | | | | | | | + | | + |
| физика | | | | | | | | + | + |
| хемија | | | | | | | | + | + |
| граѓанско образование | | | | | | | | + | + |
| Природни науки | | + | + | + | | + | | + | + |
| Историја и општество | | | | + | | | | | |
| Работа со компјутери | | | + | + | | | | | |
| општество | | + | + | + | | | | | |
| информатика | | | | | | + | | | |
| ТО и Информатика | | | | + | | | | | |
| етика | | | | | | | + | | |
| иновации | | | | | | | | | + |
| ликовно образование | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| музичко образование | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| ТО | | | | | + | + | | | |
| физичко и здравствено образование | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| | | | | | | | | | |
| Изборни предмети | | | | | | | | | |
| Изборен предмет 1 | | | | + | | | | | |
| Изборен предмет 2 | | | | + | | | | | |
| Етика на религии | | | | | | + | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **танци и народни ора** | | | | | | | **+** | | |
| **проекти од музичка уметност** | | | | | | | | **+** | |
| **Вештини на живеење** | | | | | | | | **+** | **+ (2019-20)** |
| **проекти од ликовна уметност** | | | | | | | | **+ (2021-22)** | |
| **истражување на родниот крај** | | | | | | | | | **+** |

Согласно наставниот план, со учениците од 2-9 одд. се реализира Час на одделенската заедница со обработка на работилници од Програмата „Образование за животни вештини“. Исто така, со учениците од 2-9 одд. се реализра дополнителна настава и додатна настава, а со ученици од 6-9 одд. се реализираат часови за училишен хор и училишен оркестар. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за наставата за секое одделение, конкретни цели по програмски подрачја со дадени содржини, поими, активности и методи. Покрај тоа, наставните програми содржат: дидактички препораки, оценување на постигањата на учениците, просторни услови за реализирање на наставната програма и норматив за наставен кадар. Според Концепцијата за основно образование и воспитание, а согласно член 40 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), во ООУ „Наум Охридски“ с. Булачани-Скопје се реализира продолжителен престој согласно законот за Основно образование. По претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука, во ПООУ Наум Охридски с. Црешево се организира настава со продолжен престој со ученици од прво до трето одделение. Во продолжен престој учениците се вклучуваат по барање на родителот, односно старателот. За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото. Во текот на целиот престој, за учениците се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка, што го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието. Училиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: слободни ученички активности (секции), екскурзии, натпревари, јавна и културна дејност, општествено – корисна работа, како и активности на Ученичкиот парламент, Училишниот клуб

на Црвен Крст и Детската организација. Во учебната 2021/2022 година во училиштето учат 367 ученици од 1-9 одд. кои се распоредени во 20 паралелки. Бројот на ученици во изминатите четири години се движи од 359 до 367 ученици.

| **Основно/ Подрачно Училиште** | **Број на паралелки** | **Број на ученици Учебна 2018/19** | **Број на ученици Учебна 2019/20** | **Број на ученици Учебна 2020/21** | **Број на ученици Учебна 2021/22** |
|---|---|---|---|---|---|
| ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани | 9 | 145 | 145 | 154 | 166 |
| ПООУ ,,Наум Охридски,, с. Црешево | 9 | 196 | 193 | 180 | 178 |
| ПООУ ,,Наум Охридски,, с. Раштак | 2 | 23 | 21 | 19 | 23 |
| **Вкупно** | **20** | **364** | **359** | **353** | **367** |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуација на основното училиште

Последната самоевалуација на училиштето е спроведена во период април - јуни, 2022 година. Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишна комисија, која по предлог на директорот, беше формирана од Училишниот одбор. При изработката на самоевалуацијата, Училишната комисија имаше успешна соработка со седум тимови од одделенски наставници и предметни наставници формирани според седумте подрачја. Тимовите имаа свои координатори, редовно се состануваа и работеа на своите подрачја. Училишната комисија и тимовите во текот на

изработката на самоевалуацијата ги побараа и ги имаа на увид сите потребни документи и евиденцијата во училиштето. За секое подрачје, тимовите детално ги обработуваа своите подрачје, изнесуваа слаби и јаки страни, вршеа анализа на резултатите и планираа идни активности што ќе бидат спроведени. Во следната табела се внесени резултатите од последната извршена самоевалуација на работата на основното училиште по подрачја што се внесени во документот „Самоевалуација, 2020-2022“.

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Применуваните НПП се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование, делумно со потешкотии при реализација на НПП по новата концепција. Сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за МИО и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошките теми. Сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава и се работи според ИОП. Во училиштето има сензорна соба и голем број на ресурси.<br><br>Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план.<br><br>Во НПП се води сметка за меѓусебната содржинска поврзаност на предметите. Во училиштето има доволно вработени за да ги спроведат НПП. Наставниците се задоволни со програмата на предметот кој го предаваат и можностите за понатамошно усовршување. Во НПП делумно е вклучено користење на ресурсите на заедницата. Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели. Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби.<br><br>Родителите се запознаени со наставните планови и програми во училиштето. Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и во целост се почитуваат нивните сугестии. Преку Советот на родители може да се влијае за организацијата на наставните планови и програми.<br><br>Наставата во училиштето е на високо ниво, во однос на поттикнување на самодоверба, кооперативност и толеранција на учениците. Во училиштето не постојат етички и полови нееднаквости. Учениците се запознаени со зависности од дрога, полово преносливи болести, ХИВ/СИДА и сл. но во иднина се планира да се зголеми бројот на активностите од ваква природа. Во училиштето се работи на градење на личноста како општествен субјект. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето е современо во однос на техничка опременост. Во училиштето се организираат вonнаставни активности. Вonнаставните активности се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и нивното самоискажување. Во вonнаставните активности се вклучени учениците по сопствен избор.<br><br>**Идни активности:**<br><br>• Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција<br>• На состаноците на Ученичкиот парламент учениците да се мотивираат да ги искажуваат своите мислења и идеи за изменување и дополнување на НПП |
| **Постигнувања на учениците** | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите класификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години (2020/21 и 2021/22год.)<br><br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Месечно се изработува распоред за реализација на овие програми. Има подобрување на општиот успех на училиштето. Стручниот тим (психолог, педагог и дефектолог) во континуитет ги следи учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби. Нивните постигањата се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.<br><br>Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.<br><br>Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секое тримесечие, изработува полугодишен и годишен извештај за својата ртабота.<br><br>Наставниците редовно ги бележат постигањата на учениците и даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.<br><br>Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие и свидетелствата. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за учество на ученикот во воннствани активности во училиштето.<br><br>Учениците со индивидуални посебни потреби во нашето училиште се прифатени и се вложуваат напори тие успешно да се интегрираат. Во училиштето постои посебен тим за работа со ученици |

| | |
|---|---|
| | со индивидуални посебни потреби.Тимот го сочинуваат психолог, педагог, дефектолог, директор, наставници и родителите. Учениците се идентификуваат од страна на наставниците и педагошко – психолошката служба , а по потреба се соработува и со Заводот за ментално здравје.<br><br>Сите ученици го завршуваат образовниот циклус, бројот на ученици што се осипуваат е мал.<br><br>Во периодот 2020/21 и 2021/22 г. во нашето училиште нема ученици кои ја повториле учебната година.<br><br>**Идни активности:**<br><br>• Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби |
| **Учење и настава** | Наставата во нашето училиште се одвива на македонски јазик.<br><br>Наставниците работат според соодветни планови и програми изработени според предвидените програми од БРО, а прилагодени на нашите потреби. Наставниците ги користат најновите наставни методи и форми на современа настава и нагледните средства кои им се на располагање.Недостаток од просторни услови за постигнување на висок квалитет и реализација на кабинетска настава која влијае на мотивираноста на учениците. Стручните активи им помагаат на наставниците во планирањето на часовите и примената на современите методи и форми во наставата, а со одржување на отворени часови се разменуваат искуства меѓу наставниците.<br><br>Односите помеѓу наставниците и учениците се засноваат на взаемно почитување и соработка.<br><br>Оценувањето станува дел од наставниот процес со користење на нови методи и форми на оценување чии резултати се користат во прилагодување на наставата. При усно и писмено проверување прашањата од страна на наставниците најчесто се прилагодени на можностите на учениците, а децата со посебни образовни потреби работат според индивидуален образовен план.<br><br>Учениците се активно вклучени во работата на училиштето, односно во секој сегмент кој директно ги засега.Активностите на Ученичкиот парламент, ги подготвува учениците за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. Исто така тие се доволно се вклучени во процесот на оценување, преку самооценување, меѓусебно оценување, водење на портфолија. |

| | |
|---|---|
| | **Идни активности:**<br>• Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава<br>• Изнаоѓање на просторно решение за дополнителни училници за реализирање на активности надвор од редовната настава<br>• Просторно решение за реализација на наставата по физичко и здравствено образование во училиштата во с.Булачани и с.Црешево<br>• Обуки за препознавање рана стимулација и работа со надарени и талентирани деца.<br>• Потерба од меѓународна соработка и разменување искуства со училишта од други држави. |
| **Поддршка на учениците** | Од направената анализа на ова подрачје можеме да констатираме дека нашето училиште е безбедно за учениците поради својата местоположба и оддалеченост од главни патишта.<br>Училиштата имаат прибор за прва помош и се обучени во давање на истата. Соработката со ЦК и нивните обуки ќе продолжи и ќе даваат голем придонес во квалитетот на работата и активностите на учениците и наставниците во училиштето.<br>Наставниците работат со учениците на одделенските часови за хуманизирање на односите помеѓу учениците.<br>Во училиштето редовно се одбележуваат деновите на борба против зависностите кои се поддржани со соодветни предавања од наставниците.<br>Училиштето нема организирана исхрана согласно препораките од МЗ према КОВИД протоколите.<br>Училиштето соработува со Здравствен дом и сите ученици се редовно вакцинирани, систематски прегледани и стоматолошки советувани.<br>Учениците се информирани од страна на наставниците за полово преносливи болести и разни вирусни заболувања. До колку е воочен здравствен проблем кај ученикот училиштето целосно ги почитува медицинските препораки.<br>Во училиштето редовно се спроведува тестирање и советување за професионална ориентација со учениците од деветто одделение. Наставниците и стручната служба во секое време им се достапни на учениците за справување со нивните проблеми. Индивидуалниот напредок на учениците се следи редовно и се бележи во одделенските дневници и во чек листите на наставниците. Сето тоа сумирано го бележи стручната служба во своите анализи на тромесечие, полугодие |

| | |
|---|---|
| | и на крај од годината. Евиденцијата се води транспарентно и им е достапна на учениците и родителите во секое време.<br><br>Дел од наставниците и учениците се обучени за заштита од елементарни непогоди. Дел од учениците и наставниците се обучени за давање прва помош при разни повреди.<br><br>Ново примените наставници немаат поминао обука за работа со ученици со ПОП. Има потреба истата да се организира од страна на соодветни институции и стручни лица.<br><br>Дел од родителите не сметаат дека се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес, но мислиме дека не се доволно информирани во кој домен и во кои подрачја би дале свој придонес.<br><br>**Идни активности:**<br>• Подобрување на компетенции на наставниците и учениците од областа на прва помош и заштита преку посета на обуки.<br>• Превземање на иницијативи за мотивација на родителите за вклученост во вон-наставните активности<br>• Проширување и обновување на обуките за заштита од елементарни непогоди и давање прва помош при разни повреди за новите вработени и ученици преку зајакнување на соработката со ЦК. |
| **Клима во училиштето** | Од направената анализа на ова подрачје произлегува дека училиштето работи према постоечката законска регулатива, целосно се почитуваат одредбите во законот за основно образование. Сите акти кои произлегуваат од ЗОО особено Статутот на училиштето, Правилници, Кодекси и други педагошки документи се донесени и усвоени од страна на Училишниот одбор, истите се спроведуваат во практика онаму каде и кога е потребно. Редовно се следат сите промени во законите и истите се имплементираат во нашите документи за да може да се работи по нив.<br><br>Учениците се целосно анимирани во наставата и воннаставата според своите способности и вештини. Нивните контакти со одделенскиот раководител, психологот, дефктологот и другите наставници се ефективни и се континуирани во текот на учебната година. Мислењето на учениците целосно се почитува во оние сегменти каде може да им се излезе во пресрет, особно оние предлози и ставови кои доаѓаат од учениците претставници во училишната заедница на ниво на училиште. За учениците по било кој основ не ги почитуваат пропишаните правила на однесување, говорење се изрекуваат педагошки мерки согласно постоечкиот правилник. Педагошките мерки ја постигнаа својата цел.<br><br>Родителите се активни учесници во целокупното работење и живеење на училиштето согласно нивната улога. Нивното учество се одликуваше со индивидуален ангажман на поедини родители и преку |

| | |
|---|---|
| | Советот на родители. На средбите на Советот на родители родителите даваат предлози и мислења и носат одлуки соодветни за нивнуиот статус. Соработката која ја има училиштето со родителите е професионална, наменска и е во насока на афирмирање на училиштето во локална средина и пошироко. Информираноста на родителите за сите промени во законската регулатива, воведување на проекти, спроведени и реализирани активности во врска со нив краткорочни и долгорочни планирања е навремена, исцрпна, аргументирана и документирана.<br><br>**Идни активности:**<br><br>• Подобрување на просторните услови на работа за да се реализираат некои наставни и воннаставни активности, спортска и кабинети по одредени предмети.<br>• Поголема активност на ученичката заедница на сите нивоа.<br>• Да се обезбеди поголема подршка и соработка со стопанските субјекти од локалната самоуправа.<br>• Поголема соработка со други училишта во и надвор од државата.<br>• Вклучување на родителите во воспитно- наставниот процес. |
| **Ресурси** | Основно училиште „Наум Охридски" во с.Булачани е објект изграден 1964 година. Во склоп на ова училиште функционираат и две подрачни училишта, во с. Црешево и во с.Раштак.<br><br>**Централното училиште** има вкупна површина од 3821 $m^2$, Училишната зграда располага со 6 училиници, 4 административни простории, една наставничка канцеларија, просторија во која е сместена училишната библиотека, просторија во која е сместена медијатеката, соба за подготовка на наставниците за работа во медијатеката, сензорна соба, просторија за прием на ужинка, просторија за алат. Постои само една санитарна просторија во која се сместени три тоалети, еден за вработените (заеднички) и два за учениците (машки и женски).<br>Најгорлив проблем на централното и подрачните училишта претставува недостатокот на фискултурна сала или соодветна просторија каде што би можела да се изведува наставата по физичко и здравствено образование, нема специјализирани училници или кабинети по одредени предмети, ниту простор со бина за приредби или претстави.<br>**Подрачното училиште во с. Црешево** е објект изграден 1963 година, со вкупна површина од 7304 $m^2$ .Училишната зграда располага со 6 училиници од кои 2 се помошни училници за помал број ученици, 1 административна просторија, наставничка канцеларија, просторија која е ресурсен центар, просторија за технички персонал, просторија која се користи како фискултурна сала со 2 соблекувални за учениците и просторија за прием на ужинка. Санитарниот јазол, е неодамна реновиран и е во добра состојба. |

| | |
|---|---|
| | **Подрачното училиште во с. Раштак** е објект изграден 1965 год. со вкупна површина од 4880 $m^2$. Училишната зграда е комплетно реновирана во текот на 2013 година и сите простории со кои располага се опремени според највисоки стандарди Училиштето располага со две училиници во кои се изведува комбинирана.<br>Сите простории во двете училишни згради се затоплуваат со сопствено парно на нафта, а во ПОУ Раштак се затопливаат на дрва. . Просториите во голема мерка го задоволуваат критериумот за соодветност со намената.<br>Фасадите на сите три училишни згради се комплетно обновени. Училиштето има јасен план и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава и воннаставни активности, со што во голема мерка ги задоволува потребите на учениците.<br><br>**Идни активности:**<br><br>➢ ***Изградба на фискултурна сала***<br>➢ ***Доградба на училиштата во с. Булачани и с. Црешево***<br>- доградување на училишната зграда на училиштето во с. Булачани и с. Црешево за потребите на кабинетска настава;<br>- зголемување на бројот на тоалетни кабини во училиштето во с. Булачани;<br>➢ ***Реновирање на училишните згради и дворови:***<br>- поставување/поправка на оградата и влезната врата на училишниот двор во с. Раштак;<br>- доопремување на читална со компјутер и интернет пристап во училишната библиотека с. Црешево;<br>➢ ***Хортикултурно уредување на училишните дворови:***<br>- планско уредување на зелени површини<br>- уредување на простор за училница во природа во с. Раштак;<br>- реконструкција на пешачки патеки во с. Раштак.<br>➢ ***Обновување на старата ИК –технологија и набавка на нова;***<br>➢ ***Планска набавка на современи нагледни средства и стручна литература.***<br>➢ ***Изготвување стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите;***<br>➢ ***Изготвување на стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените;***<br>***Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби*** (Поставување на целите во индивидуалните |

| | |
|---|---|
| | планови за учениците со посебни образовни потреби, Прва помош и заштита при елементарни непогоди; Справување со меѓуврсничко насилство, Пречки во учењето - препознавање, Реализација на настава ориентирана кон исходите од учењето и др.). |
| **Раководење, управување и креирање политики** | Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на Училишниот Одбор.<br><br>Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето, своето работење го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува.<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.<br><br>Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците кои секогаш наоѓаат место онаму каде што се најпотребни.<br><br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.<br><br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот.<br><br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br><br>Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.<br><br>Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа,обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување и подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.<br><br>**Идни активности:**<br><br>➢ Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето<br>➢ Континуирано професионално усовршувањето на наставниот кадар<br>➢ Да се поведе постапка за изградба на фискултурна сала во подрачното училиште во с.Црешево |

## 4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

Во следната табела се внесени согледувања од Извештајот од извршената интегрална евалуација од Државниот просветен инспекторат од последната Интегрална евалуација на училиштето која што е реализирана во период од 19-21.03.2018 година.

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Подрачјето наставните планови и програми се оценува како многу добро.<br><br>Училиштето го следи целокупниот воспитно-образовен процес, постигањата, психофизичкиот развој на учениците. Училиштето има систем да ги идентивикува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со посебни потреби и превзема мерки и активности за нивно напредување и надградување. За постигнување на добри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава. Од податоците во однос на постигањата, поведението и изостаноците на учениците во поседните три учебни години може да се оцени дека истите се многу добри. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три години е многу добар. Вработените и учениците се горди на постигањата на учениците, од учеството на натпревари на сите нивоа и постигнуваат одлични резулатати.Училиштето има изградено имиџ. Редовноста на учениците е многу добра. |
| **Постигнувања на учениците** | Подрачјето постигање на учениците се оценува како многу добро.<br><br>Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е многу добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на стучни активи. Наставниот процес се реализира согласно НПП, Годишна програма на училиштето ,планирањата на наставниците и распоред на часови. Во наставниот процес поголем број од наставниците користат |

| | |
|---|---|
| | разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодевтни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.Употребата на ИКТ во наставата е добра. Поголем број на наставници вршат правилен избор на задачи,активности и ресурси за реализција на наставните содржини. Атмосферата на часовите е мотивирачка, а начинот на кој што се учи е интересен.Воспоставена е многу добра интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. Поголем број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесто на учењето според нивите способности. Училиштето има пропишано процедура за оценување и користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците. |
| **Учење и настава** | Подрачјето учење и настава се оценува како многу добро.<br><br>Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Стручните соработници водат грижа и даваат поддршка за учениците од социјално загрозените семејства и учениците со емоционални потешкотии .Наставниците и стручните соработници водат индивидуална евиденција за напредокот на учениците , водат анализа за наредокот на учениците по паралелки и даваат помош при избор на понатамошното образование. |
| **Поддршка на учениците** | Подрачјето поддршка на учениците се оценува како многу добро.<br><br>Училиштето е препознатливо по висок квалитет на работа и постигање на учениците во разни области, а со тоа се овозможува остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структури. Дисциплината и поведението на учениците се многу добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално и пошироко ниво. Училиштето промовира еднаквост и правичност, почитувајќи ги првата на учениците. Има програма за промовирање на мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето се многу добри. Соработката со локалната средина е многу добра. |
| **Клима во училиштето** | Подрачјето клима се оценува како многу добро.<br><br>Просторните услови и искористеноста на просторниот капацитет (училници) како и надворешниот простор (спортски терени) се многу добри. Опременоста со нагледни средства е добра. Наставата ја изведуваа соодветен наставен кадар. Училиштето презема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган училишниот буџет многу добро го планира. |
| **Ресурси** | Подрачјата ресурси се оценува како добро.<br><br>Просторните услови и искористеноста на просторниот капацитет (училници), како и надворешниот простор (спортски терени) се многу добри. Опременоста со нагледни средства е добра. Наставата ја изведува соодветен наставен кадар. Училиштето презема мерки за |

| | |
|---|---|
| | професионален развој на наставниците. Училиштето има несоодветен простор за реализација на наставата по ФЗО. Училиштето нема фискултурна сала за реализација на наставата по ФЗО. Раководниот орган училишниот буџет многу добро го планира. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | Подрачјето управување и раководење со училишетето се оценува како многу добро.<br><br>Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор) и истиот е конституран со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО работи транспарентно ,со редовно одржување на состаноци. УО има воспостано партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br><br>Раководниот огран има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган донсува одговорни одлуки.Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да комууницира и раководи со вработените и нивниот развој.<br><br>Директорот на училиштето во својот преиод на раководење има превземено активности кои значително придонеле за подобрување на условите за работа во училиштето . |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

### 5.1 Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во близина на градот Скопје, на североисточните падини на Скопска Црна Гора, во рамките на општина Гази Баба. Наставата се организира во три училишни згради во селата Булачани, Црешево и Раштак. Сите училишни згради се комплетно функционални и ги задоволуваат пропишаните стандарди. Поради местоположбата училиштето припаѓа на категоријата училишта кои работат во тешки услови. Горенаведените села се поврзани со градското подрачје со приградска автобуска линија.

Најблиските културни,образовни и здравствени институции се наоѓаат во населбите Ченто и Автокоманда. Во близина на училиштето нема градинка и тоа придонесува голем број од првачињата да немаат предучилишно воспитно-образовно искуство.

Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат со соработка со одделението за детска стоматологија на поликлиниката „Ченто“,Црвениот крст-Гази Баба. Еден дел од проектите се реализираат и во соработка со голем број на нестопански и невладини организации ( „Пакомак“, „Нула отпад“ и др.)

Училиштето остварува добра взаемна соработка со локалната самоуправа и останатите основни и средни училишта од општината.Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „Ден на Општина“, „Денот на екологијата“, „ Есен во Гази Баба“, манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

## *5.2 Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

На национално ниво училиштето соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Прва детска амбасада во светот Меѓаши, МВР, Народниот правобранител, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ ***Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025*** со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура;

- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување;

- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците;

- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности;

- Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост;

- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи;

- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија;

- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција;

- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение;

- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.

- Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето;

- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби;

- Иницијална обука на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди;

- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници;

- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни;

- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор, /стручен соработник - советник);

- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили;

- Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите.

***Концепцијата за воннаставни активности во основното образование*** утврдена од министерот во март 2020г. укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на занаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. При тоа да се водат од следните принципи: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество на учениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.

Со ***Концепцијата за инклузивно образование*** донесена од министерот во јули 2020г., се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе

трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите, на најмалку три нивоа на подршка на учењето: I ниво -општа подршка, II ниво - интензивирана подршка, III ниво - посебна подршка.

***Концепцијата за основно образование*** беше изработена во март 2021 година, страна на  од експертска група формирана од страна на Бирото за развој на образованието која ја сочинуваа советници од самата институција, наставници од основните училишта и универзитетски професори. Потоа истата беше предмет на јавна дебата која траеше речиси 2 месеци, а се заокружи со целодневна дискусија во Собранието на Република Северна Македонија по што беше усвоена конечната верзија на овој стратешки документ.Концепцијата подразбира целосно нов образовен модел на едукација преку кој секое дете ќе може да го достигне својот полн потенцијал. Училиштето ќе стане интересно место за младите. Со планот за промени стануваат достапни содржини кои многу родители во моментов ги плаќаат за нивните деца да ги изучуваат после часовите. Ќе го надоместиме оној јаз во времето поминато на училиште од страна на нашите ученици и останатите во Европа, кое изнесува околу 900 часови разлика во текот на целата едукација до полнолетство.

### 5.3 *Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес: УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, Американска, Британска амбасада, Institut français de Skopje, CREFECO.

## SWOT анализа

| ***Подрачје 1 : Наставни планови и програми*** | |
|---|---|
| ***Предности (силни страни) на основното училиште*** | ***Слабости (слаби страни) на основното училиште*** |
| • Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН,а нивната реализација обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование<br>• Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми<br>• Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми, користат разновидни наставни форми и методи во наставата вклучувајќи и ИКТ<br>• Учениците се вклучени во проекти и истражување на одредени теми<br>• Родителите на состаноците на Советот на родители редовно се известуваат за измените во наставите планови и програми<br>• Сензорна соба во с.Булачани за децата со посебни потреби<br>• Учениците со посебни образовни потреби работата според ИОП изработен во соработака со инклузивен тим  и родителите со што се обезбедува нивна целосна информираност.<br>• Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари | • НПП по новата концепција содржат преобемен материјал за реализација<br>• Недостиг на ресурси-учебници за 4 одд<br>• Многу наставни часови за учениците<br>• Слаба иницијатива на учениците  за креирање, изменување и дополнување на НПП<br>• Потреба од сензорна соба во училиштето во с.Црешево за поуспешна реализација на наставата со децата со ИОП |

| | |
|---|---|
| • Медиумско афирмирање на училиштето со истакнување на придобивките од воннаставните активности | |
| ***Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште*** | ***Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште*** |
| • Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција.<br>• На состаноците на Ученичкиот парламент учениците да се мотивираат да ги искажуваат своите мислења и идеи за изменување и дополнување на НПП.<br>• Поднесување барање за опремување на сензорна соба во училиштето с. Црешево. | • Поради секојдневните обврски родителите не се доволно вклучени во изработката на НПП |

| ***Второ подрачје: Постигања на учениците*** | |
|---|---|
| ***Предности (силни страни) на основното училиште*** | ***Слабости (слаби страни) на основното училиште*** |
